Бр./Nr 12-2368/2
(2021)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

07-06-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 87-та седница одржана на 01.06.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2368/1 од 01.07.2021 година, против судија ----------------------------------- од Основен граѓански суд Скопје 2, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, во конкретниот случај Судски совет на РСМ.

Предметот со број 12-2368/1 од 01.07.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 01.07.2021 година, поднесено е известување за постапување на судија ------------------------------------ од Основен граѓански суд Скопје 2 и оформен е предмет број 12-2368/1 од 01.07.2021 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека пред Основниот граѓански суд Скопје во тек е судска постапка каде во својство на тужители се јавуваат ------------------------- и --------------------------------------- од Скопје, а како тужена страна е ------------------------- од Скопје по основ на утврдување на ништовност на договор и утврдување право на сопственост. Согласно наводите од пријавата, судијата сторил повеќе неправилности во текот на постапката во однос на земањето предвид на доказите изнесени од двете страни поради што се сомнева во непристрасноста од страна на судијата.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, имајќи предвид дека Судскиот совет на

РСМ е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**